Хидросистем Злетовица-Пробиштип
Бр. 04-396/51
15.07.25 год.

Врз основа на член 21 став 3 и член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19, 14/20, 95/20, 208/24 и 210/24), член 14 став 2, член 22 и член 23 од Законот за работните односи и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.19-6672/2 од 01.07.2025 година, Директорот на ЈП ХС Злетовица -Пробиштип донесе

# ОДЛУКА

## за избор на 2 (два) извршители на определено време до 31.12.2025 година за работно место Работник за одржување на објекти/ Работник за одржување на зафати и цевководи

1. За работното место Работник за одржување на објекти/ Работник за одржување на зафати и цевководи, со шифра КДР 0401 А01 087 во ЈП ХС Злетовица – Пробиштип се избираат кандидатите
   - **Давид Велковски од Пробиштип**
   - **Тоше Анастасовски од Пробиштип**

2. Изборот е извршен врз основа на ранг листа од кандидати кои ги исполнуваат условите и предлог за избор по Јавен оглас бр.01/2025.
3. Избраните кандидати ќе бидат вработени на определено време до 31.12.2025 година на работното место Работник за одржување на објекти/ Работник за одржување на зафати и цевководи, по завршување на постапката за избор и по конечноста на оваа одлука, за што ќе се склучи договор за вработување.
4. За извршениот избор ќе бидат известени пријавените кандидати.
5. Донесената одлука ќе биде објавена на веб страната на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип.
6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На 05.07.2025 година во дневните весници “Нова Македонија“, “Вечер“ и “Коха“ и на веб страната на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип и Агенцијата за вработување на РСМ објавен е Јавен оглас бр.01/2025 за вработување на определено време до 31.12.2025 година на 7 (седум) извршители во ЈП ХС Злетовица – Пробиштип.

Комисијата за селекција во постапката за вработување на определено време до 31.12.2025 година на 7 (седум) извршители во ЈП ХС Злетовица – Пробиштип, по пат на јавен оглас бр.01/2025, формирана од Директорот со решение бр.02-396/12 од 04.07.2025 година, изврши селекција на пријавените кандидати, за што состави записник бр.04-396/31 од 14.07.2025 година и спроведе интервју со уредно пријавените кандидати, за кое состави записник бр.04-396/39 од 15.07.2025 година.

Комисијата состави ранг листа и предлог за избор на кандидати по Јавниот оглас бр.01/2025, за работното место под реден број 6 Работник за одржување на објекти/ Работник за одржување на зафати и цевководи.

Врз основа на финалните ранг листи и предлогот за избор на кандидати за работното место под реден број 6 Работник за одржување на објекти/ Работник за одржување на зафати и цевководи, по Јавниот оглас бр.01/2025, Директорот на ЈП ХС Злетовица- Пробиштип изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП ХС Злетовица- Пробиштип, во рок од 8 дена од денот на објавување на оваа одлука на веб страницата и на огласна табла на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип.

Пробиштип
15.07.2025

ЈП ХС Злетовица
Директор
Златко Стојановски

одобрил: Маја Стојчева